2023

ЈРП Македонска
Радиотелевизија

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ 01.10 - 31.12.2023 ГОДИНА

IV Квартал

**СОДРЖИНА**


ВОВЕД....3

ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2023 година....4

ПРИХОДИ....4

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2023 ГОДИНА....5

ТРОШОЦИ - РАСХОДИ....6

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2023 ГОДИНА....6

Трошоци за вработените....6

Патни и транспортни трошоци....7

Заеднички трошоци....8

Програмски права....9

Останати трошоци од работење....10

Инвестиции....10

АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2023 ГОДИНА....11

Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2023г. ....15

Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2023 година изнесува: ....15

СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА....16

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2023 ГОДИНА....16

Побарувања од купувачите во земјата....16

Побарувања од купувачите во странство....17

РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА....17

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА....18

**ВОВЕД**

Македонската Радиотелевизија како јавен радиодифузен сервис, преку своите радио и ТВ канали подготвува и емитува програма од областа на информирањето, образованието, науката, културата и уметноста, документарна и играна програма како и програма со музичко – забавни содржини на македонски јазик, на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните, кој е различен од македонскиот јазик како и на јазикот на другите немнозински заедници. Преку радио и ТВ сателит и/или интернет, со 24 часовно времетраење, програмата на МРТ е достапна до гледачите и слушателите во европските и прекуокеанските земји.

Согласно член 5 од Законот за јавни претпријатија, ЈРП Македонска Радио Телевизија изготвува тримесечни извештаи со показатели за финансиското работење.

За реализација на програмските содржини во четвртото тримесечје од 2023 година, Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 175.170.990 денари и расходи во износ од 360.669.588 денари при што е остварен негативен финансиски резултат во износ од 185.498.598 денари.

Во врска со остварениот финансиски резултат значајно е да се нагласи дека тој произлегува исклучиво и само од пониско остварените приходи за финансирање на радиодифузна дејност континуирано во изминатите неколку години. Намалениот износ на приход кој МРТ го добива од страна на државата го отежнува тековното работење и секако, освен на финансискиот резултат, негативно се одразува и на севкупното работење на институцијата и создава потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски создадени по основ на склучени договори за редовно работење со домашни и странски добавувачи по разни основиа а кои се неопходно потребни. За оваа состојба од страна на ЈРП МРТ во повеќе наврати се известувани надлежните министерства и од нив е побарано да се почитува законската одредба во врска со финансирањето на радиодифузната дејност, односно на МРТ да и бидат исплатени финансиските средства кои законски и следуваат но секогаш безуспешно. Дури и на неколку официјални средсби одржани во текот на 2023 година со тогашниот Министер за информатичко општество и администрација беше добиена информација дека средствата со сигурност ќе бидат исплатени согласно Законот и законските одредби, поради што и беше изменет Финансискиот план на МРТ за 2023 година согласно измените во Законот за ААВМУ (сл.весник 154/23), но повторно без успех.

Имено, откако е укината радиодифузната такса, наместо со предвидените 1% од вкупните остварени приходи во државата (сл.весник 248/18) а потоа и со 1% од вкупните даночни приходи остварени на ниво на држава (со измените во Законот за ААВМУ сл.весник 154/23), финансирањето на радиодифузната дејност е реализирано со далеку понизок процент од законскиот и како за пример, само за 2023 година МИОА и должи на МРТ средства во износ од 470.000.000 денари. Оттука, неминовно е тековното работење на ЈРП МРТ во анализираниот период да биде завршено со негативен финнасиски резултат.

***ОСТВАРЕН ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОДОТ од 10м. до 12 м. 2023 година***

| ОПИС | Остварување 01.10-31.12.2022г. | | Финансиски план 2023г. | | Остварување 01.10-31.12.2023г. | | индекс | индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | износ | стр. | износ | стр. | износ | стр. | 6/2*100 | 6/4*100 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| **А.ВКУПЕН ПРИХОД** | **392,295,057** | **100.0** | **1,487,500,000** | **100.0** | **175,170,990** | **100.0** | **44.7** | **11.8** |
| **Б.ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | **337,298,041** | **86.0** | **1,383,350,000** | **93.0** | **360,669,588** | **205.9** | **106.9** | **26.1** |
| Трошоци за вработени | 129,263,050 | 33.0 | 527,700,000 | 35.5 | 154,176,466 | 88.0 | 119.3 | 29.2 |
| Патни и транспортни трошоци | 3,533,320 | 0.9 | 11,300,000 | 0.8 | 2,457,180 | 1.4 | 69.5 | 21.7 |
| Заеднички трошоци | 51,627,519 | 13.2 | 230,540,000 | 15.5 | 43,801,741 | 25.0 | 84.8 | 19.0 |
| Програмски права | 136,832,631 | 34.9 | 517,230,000 | 34.8 | 143,366,495 | 81.8 | 104.8 | 27.7 |
| Останати трошоци од работење | 16,041,521 | 4.1 | 96,580,000 | 6.5 | 16,867,706 | 9.6 | 105.2 | 17.5 |
| **ФИНАН.РЕЗУЛТАТ (А-Б)** | **54,997,016** | | | | **-185,498,598** | | | |

## ПРИХОДИ

Во периодот Октомври - Декември 2023 година во рамки на тековното работење на МРТ по сите основи реализирани се приходи во вкупен износ од 175.170.990 денари.

Основен извор на финансирање на работењето на МРТ е приходот за финансирање на радиодифузна дејност, средства кои МРТ ги добива од Буџетот на РСМ – Министерство за информатичко општество и администрација. Во анализираниот период овој приход е остварен во износ од 167.625.000 денари или 95,7% од вкупно реализираниот приход во 2023 година и како што и погоре беше кажано, од 2018 година до сега, државата и МИОА не ја почитуваат законската одредба во врска со финансирањето на радиодифузната дејност. односно МРТ заедно со НРД и ААВМУ до крајот на 2023 година воопшто не ги добија законски утврдените средства.

Останатите видови приходи кои се остварени во четвртиот квартал се следните:

Од услуги во странство (користење на коментаторски позиции, ISDN линии и слично) како и услуги во земјата (користење на студијата, преснимување на материјали, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите институции во 762.332 денари.

По основ на закуп на деловен простор остварен е приход во износ од 89.804 денари, а од донации на опрема остварени се 305.588 денари.

Ставката останати деловни приходи има реализација во износ од 3.259.773 денари а истата опфаќа приходи од позитивни курсни разлики, приходи од камати, дополнитено утврдени приходи од минати години, отпишани обврски, наплатени отпишани побарувања по основ на РДТ и друго.

ЈРП МРТ како јавен сервис секогаш настојува на своите гледачи да им ги направи достапни најновите и актуелни програмски содржини од најразлични области, ставајќи акцент при тоа на откуп и емитување на најзначајните спортски настани, па оттука приходот по основ на маркетинг/продажба на рекламно време во текот на четвртиот квартал од 2023 година остварен е во износ од 3.128.493 денари.

***ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА ПЕРИОД 01.10 – 31.12.2023 ГОДИНА***

| ПРИХОДИ | Остварени приходи 01.10-31.12.2022г. | Планирани приходи за 2023г. | Остварени приходи 01.10-31.12.2023г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура (кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приходи од Буџет на РМ за финансирање на радиодифузна дејност | 167,625,000 | 1,140,500,000 | 167,625,000 | 100.0 | 14.7 | 95.7 |
| Приход од МИОА за програмски и техничко-технолошки развој на ЈРП МРТ | 162,400,000 | 300,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Закупнини | 112,405 | 500,000 | 89,804 | 79.9 | 18.0 | 0.1 |
| Приходи од услуги во земјата | 868,421 | 3,000,000 | 689,752 | 79.4 | 23.0 | 0.4 |
| Приходи од услуги во странство (технички услуги и сл.) | 734,791 | 2,000,000 | 72,580 | 9.9 | 3.6 | 0.0 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,отпишани обврски,наплатени отпишани побарувања од минати години и сл.) | 3,205,234 | 15,000,000 | 3,259,773 | 101.7 | 21.7 | 1.9 |
| Приходи од наплата на средства по основ на судски одлуки | 21,056 | 1,500,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 26,312,516 | 20,000,000 | 3,128,493 | 11.9 | 15.6 | 1.8 |
| Приходи од продажба на програма и други услуги, отстапени права и реемитување во земјата и странство | 30,896,071 | 5,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Приходи од донации | 119,564 | 0 | 305,588 | 255.6 | 0.0 | 0.2 |
| **СЕ ВКУПНО:** | **392,295,057** | **1,487,500,000** | **175,170,990** | **44.7** | **11.8** | **100.0** |

## ТРОШОЦИ - РАСХОДИ

Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2023 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи во сите групи на трошоци. Имено, во текот на периодот Октомври - Декември 2023 година во работењето на ЈРП МРТ остварени се трошоци во вкупен износ од 360.669.588 денари.

***ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ ВО ЈРП МРТ ПО ГРУПИ ВО ПЕРИОД 01.10-31.12.2023 ГОДИНА***

| **ТРОШОЦИ** | **Остварување 01.10-31.12.2022 г.** | **Финансиски план 2023г.** | **Остварување 01.10-31.12.2023г.** | **Индекси (4/2*100)** | **Индекси (4/3*100)** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| Трошоци за вработените | 129,263,050 | 527,700,000 | 154,176,466 | 119.3 | 29.2 |
| Патни и транспортни трошоци | 3,533,320 | 11,300,000 | 2,457,180 | 69.5 | 21.7 |
| Заеднички трошоци | 51,627,519 | 230,540,000 | 43,801,741 | 84.8 | 19.0 |
| Програмски права | 136,832,631 | 517,230,000 | 143,366,495 | 104.8 | 27.7 |
| Останати трошоци од работење | 16,041,521 | 96,580,000 | 16,867,706 | 105.2 | 17.5 |
| **А. ВКУПНО ТРОШОЦИ:** | **337,298,041** | **1,383,350,000** | **360,669,588** | **106.9** | **26.1** |
| | | | | | |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| | | | | | |
| **Набавка на опрема** | 3,215,613 | 104,150,000 | 66,697,240 | 2,074.2 | 64.0 |
| | | | | | |
| **Б. ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **3,215,613** | **104,150,000** | **66,697,240** | **2,074.2** | **64.0** |
| | | | | | |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ (А+Б)** | **340,513,654** | **1,487,500,000** | **427,366,828** | **125.5** | **28.7** |

### *Трошоци за вработените*

Групата Трошоци за вработените во четвртото тримесечје од 2023 година бележи остварување во вкупен износ од 154.176.466 денари или 29,2% од средствата планирани за оваа намена. Оваа група на трошоци ги опфаќа трошоците за бруто плати на вработените кои се пресметуваат согласно позитивните законски прописи што се на важност во РСМ и согласно Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените во МРТ кои произлегуваат од работниот однос. Во анализираниот период бруто платата изнесува вкупно 136.175.494 денари кои во споредба со истиот период од минатата 2022 година има повисока реализација од причина што во месец септември 2023 година е извршено усогласување на платата во МРТ со минималната плата на ниво на држава. Понатаму, во оваа група се вклучени и трошоците за регрес за годишен одмор во износ од 16.739.244 денари износ кој исто така е повисоко реализиран во однос на истиот период од 2022 година бидејќи почнувајќи од 2023 година, а согласно Колективниот договор на МРТ, за регрес за годишен одмор на вработените во

МРТ им се исплатуваат 60% од минималната плата, потоа трошоците за отпремнина на вработените кои оствариле право на пензија и кои изнесуваат 364.160 денари, трошоците за јубилејни награди на вработените кои во МРТ оствариле работен стаж од 10, 20, 30 и 40 години во износ од 282.765 денари кои исто така се во согласност на Колективниот договор, како и трошоците за останати - други лични примања на вработените во износ од 403.178 денари, ставка која опфаќа надоместоци за вработените исплатени по разни основи како на пример дадена парична помош во случај на смрт на вработен во МРТ или на член на потесно семејство, парична помош при непрекинато боледување подолго од шест месеци, елементарна непогода како и трошоците за едукација на вработените остварени во износ од 211.625 денари. Просечната нето плата по работник за периодот 10 -12 месец 2023 година изнесува 44.976 денари.

## ***Патни и транспортни трошоци***

Групата патни и транспортни трошоци е остварена во вкупен износ од 2.457.180. денари и истата е реализирана со 21.7% во однос на вкупно планираните средства со Годишниот финансиски план за 2023 година за оваа намена.

Трошоците за патување на екипите на МРТ за реализирање на програмски цели во земјата, покрај известување за тековните дневни настани, се однесува и на присуството на екипите на МРТ при пренос и известување од разни настани од областа на спортот (фудбал, одбојка, ракомет, кошарка и слично), снимања потребни за разни емисии, преноси од прослави и одбележување на настани и слично. Од патувањата пак на екипите на МРТ надвор од земјата со цел реализација на планираните и тековните активности во врска со снимање на емисии од разни жанрови и области или присуства на настани надвор од границите на државата, кои се реализирани во вкупен износ од 1.244.853 денари би ги издвоиле патувањата во: Бари - Известување и репортажа од меѓународен саем "Agrilevante 2023", Прага - коментирање и известување од фудбалскиот натпревар Украина-Македонија, Приштина - Снимање на спортска емисија - Интервју со Фатон Укшинај, Букурешт - Денови на Влашка култура, Измир - на покана од Културно солидарно здружение на македонски иселеници "МАК-ГОЧ", Анталија - снимање на документарна програма – репортажа за пет антички градови во провинцијата на Анталија, Тирана - Самит на лидери на Берлинскиот процес во Албанија, Гранада - посета на премиерот Димитар Ковачевски и учество на собир на Европската политичка заедница, Кан - присуство на Канскиот филмски фестивал, Кишињев - присуство на работилница на тема - Ранливи групи, застапеност и вклучување на родови и други политики за искоренување на дискриминацијата за плати и постигнување еднаквост, Темишвар – присуство на обука новини во даноците и даночните прописи, Бон – организирана посета на Дојче Веле и обука за креирање на ТВ продукт, Рим - коментирање и известување од фудбалскиот натпревар Италија-Македонија од квалификациите за Еуро 2024, Драч - Учество на обука: "Моќта на давање и примање Feedback & feedforward", Ница - учество на МРТ и претставување на Република Македонија на Јуниорскиот Евросонг 2023, Женева - присуство на 91 Генерална асамблеја на Европка радиодифузна унија, Подгорица - учество на обука за медиумски работници во соработка со ЗНМ и

регионалната мрежа на здруженија на новинари и сниматели Safe Jurnalists, Милано - учество на фестивал за спортски филмови и телевизија "Milano International ficts fest", Тирана - Следење, снимање емисии и исзвестување од меѓународниот театарски фестивал "МОИСИУ", Белград - Известување од вториот меѓународен саем на вино, Стразбург - снимање документарна програма од Стразбург и Колмар, Подгорица – присуство на самит за дигитализација на архивите организиран од страна на Европската радиодифузна унија, Белград – известување од локалните и парламентарните избори во Србија, Приштина – снимање на емисија по повод Католичкиот Божик со епархискиот викар на приштинската Катедрала “ Мајка Тереза“ – Дом Гатмир Колиќи, САД – присуство на меѓународна конференција за комуникации и мас медиуми, безбедност на информатичките технологии и употреба на вештачката интелигенција во медиумите, Загреб – учество на Европски нов маркет – НЕМ Загреб 2023 година и слично.

### *Заеднички трошоци*

Во четвртиот квартал од 2023 година групата на заеднички трошоци бележи остварување во вкупен износ од 43.801.741 денар а ги опфаќа следните видови трошоци:

- трошоците за суровини и материјали како електричен, технички материјал и материјал за поправка и одржување со вкупно остварување од 947.695 денари,
- трошоците за останати материјали како канцелариски материјал, материјали за возен парк, заштитна облека и обувки со вкупна реализација од 399.643 денари,
- трошоците за енергија - електрична, топлотна, гориво и мазиво во вкупен остварен износ од 13.043.332 денари, а повисоката реализација во однос на минатата година се должи на порастот на цената на овие видови енергија енергија.
- ситен инвентар и автогуми во износ од 755.442 денари,
- трошоците за поштенски услуги, телефонски услуги (фиксна и мобилна телефонија) и интернет во вкупен износ од 739.519 денари и трошоците за реализација на радио и ТВ преноси - аудио и видео линии во износ од 3.033.012 денари,
- остварување во рамки на планираните средства бележат и трошоците за одржување и заштита во кои се вбројуваат трошоците за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти во вкупен износ од 3.483.931 денар, трошоците за обезбедување на имот и лица кои изнесуваат 1.124.406 денари, трошоците за одржување хигиена во просториите во износ од 1.108.020 денари, како и трошоците за одржување на возилата на МРТ во износ од 176.873 денари и трошоците за одржување на ВЕБ страната на МРТ во износ од 250.174 денари,
- групата на комунални услуги – трошоци за вода, ѓубретарина, дератизација и слично е остварена во вкупен износ од 992.095 денари, реализација во рамки на планираниот износ,
- за останати услуги од работењето, односно за објава на огласи и конкурси и регистрација на моторни возила реализирани се трошоци во вкупен износ од 355.401 денар,

- за опремата која се користи во МРТ пресметани се трошоци за амортизација на основни средства и истите изнесуваат 7.671.783 денари,
- вредносното усогласување на побарувањата по разни основи во земјата и странство, и обезвреднување на нетековни и тековни средства е сметководствена категорија која се искажува на крајот на годината и која за 2023 година изнесува 87.453 денари а се однесува на директен отпис на побарувања по донесена пресуда,
- трошоците за репрезентација се реализирани во износ од 311.488 денари,
- трошоците за осигурување на движен и недвижен имот во износ од 33.726 денари,
- трошоците за банкарски услуги се остварени во износ од 159.214 денари и истите опфаќаат реализација на платен промет во земјата и странство,
- за надомест за членовите на Програмскиот совет и Надзорниот одбор на МРТ реализирани се трошоци во износ од 3.147.220 денари и истите се пресметуваат и исплатуваат согласно Законот за ААВМУ,
- трошоците за даноци (данок на недвижности, данок на приход за исплати во странство, задржан данок) бележат остварување во износ од 3.892.996 денари кое во најголем обем опфаќа платен данок на странски правни лица за откуп на права за емитување на спортски настани кои во 2023 година беа емитувани на ТВ програмските сервиси на МТВ, како и на откуп на филмови и серии и останати видови соработка,
- трошоците за камати од работење и затезни камати и негативните разлики изнесуваат 1.851.925 денари, додека пак трошоците за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра (надвор од постапка за јавна набавка) се реализирани во износ од 161.495 денари,
- дополнително утврдените расходи по основ на пристигнати фактури во анализираниот период а кои се однесуваат на минати години се остварени во износ од 26.657 денари.

***Програмски права***

Групата на трошоци за откуп на права за емитување на програма во периодот октомври-декември е остварена во вкупен износ од 143.366.495 денари што претставува 27,7% реализација на планот за 2023 година за оваа намена.

За откуп на права за пренос и емитување на спортски настани реализацијата на трошоци во анализираниот период изнесува 7.329.592 денари и истата се однесува на пристигнати фактури по основ на откуп на права за пренос и емитување на натпревари во раки на УЕФА супер куп и УЕФА Лига на шампиони, ЕХФ Лига во ракомет, македонски фудбал, Аба Лига кошарка и слично.

Ставката останати програмски права е реализирана во износ од 49.097.791 денар и таа во овој период опфаќа трошоци за размена на вести односно координација на радио вести и радио спорт од странство, лиценцирани вести од интернет, трошоци за откуп на права за емитување на документарни емисии, информативни емисии, емисии од едукативен и забавен карактер и слично како ТВ емисии со наслов 7 минути здравје, ТВ проект Приказна, ТВ емисија Заеднички поглед кон Европа, ТВ проект Гурманија, ТВ серијал со наслов Ние, ТВ серијал со наслов 4, ТВ проект

Технолошки центар, ТВ проекти со наслов Во туѓа куќа, Околу светот, Листа, Дипломатија и бизнос, ТВ проект Хедонизам со фичо, емисии за деца со наслов Бумеранг, квиз за деца со наслов Мислотека, ТВ проект Знаете ли и други.

Трошоците за копродукциски проекти изнесуваат 53.167.951 денар и опфаќаат реализација на договори за заедничка соработка со комитенти за снимање и емитување на серијали од најразновидни жанрови како и за реализација на емисии од областа на модата, музиката, сообраќајот, забавно-контактни емисии, детски емисии и слично, какви што се на пример ТВ проектот 360 Степени, ТВ проект – Јавниот сервис како гарант за демократија и социјална кохезија, ТВ проект Агенда 35, образовен серијал за деца Авантурите на пиратите, ТВ проект за деца Дајте музика, потоа ТВ серијалот Народни приказни на албански јазик, ТВ серија Преспав, новогодишна програма и други.

Трошоците во износ од 33.771.161 денар се однесуваат на откуп на права за емитување на серии и филмови од најразлични жанрови за повозрасните групи на гледачи но и на детски анимирани серии наменети за најмладата популација.

## *Останати трошоци од работење*

Оваа група на трошоци бележи вкупна реализација по пристигнати фактури во износ од 16.867.706 денари. Истата ги опфаќа трошоците за ангажирање на надворешни лица преку авторска агенција за склучување на авторски договори и договори за соработка остварени во износ од 5.654.776 денари, трошоците за адвокатски и нотарски услуги во износ од 106.354 денари, потоа трошоците за технички услуги во износ од 118.093 денари, трошоците за учество на јуниорски евросон во износ од 666.953 денари како и трошоците за годишни членарини – ЕБУ, ЦИРКОМ во износ од 3.963.235 денари, за мало авторско право ЗАМП во износ од 2.621.485 денари и трошоците за надомест за Агенција за филм во износ од 3.540.643 денари.

## *Инвестиции*

Во делот на инвестициони активности, во анализираниот период фактурираната реализација изнесува 66.697.240 денари а набавени се УПС - уреди за непрекинато напојување, Лед светлосни тела, Лед видео ѕид, работни станици за монтажа, видео миксер, патнички возила, систем за складирање на видео материјали, ТВ приемници и слично а вршени се и градежни работи и ренструкција во ТВ студијата.

***АНАЛИТИЧКИ ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ И ОСТВАРЕНИ ТРОШОЦИ НА ЈРП МРТ ВО ПЕРИОД 01.10 - 31.12.2023 ГОДИНА***

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| **Трошоци за вработените** | | | | | |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 117,826,818 | 505,000,000 | 136,175,494 | 115.6 | 27.0 |
| Регрес за годишен одмор | 9,753,484 | 17,000,000 | 16,739,244 | 171.6 | 98.5 |
| Отпремнина за одење во пензија | 513,152 | 1,500,000 | 364,160 | 71.0 | 24.3 |
| Други лични примања -останати видови надоместоци и помош на вработени | 255,156 | 2,000,000 | 403,178 | 158.0 | 20.2 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 520,128 | 1,200,000 | 282,765 | 54.4 | 23.6 |
| Трошоци за здравствени услуги | 1,600 | 650,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 392,712 | 350,000 | 211,625 | 53.9 | 60.5 |
| **Вкупно 1- Трошоци за вработените** | **129,263,050** | **527,700,000** | **154,176,466** | **119.3** | **29.2** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 383,672 | 3,400,000 | 740,402 | 193.0 | 21.8 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 2,270,494 | 5,000,000 | 1,244,853 | 54.8 | 24.9 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 1,300 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Превоз за службени патувања во странство | 530,178 | 1,800,000 | 389,662 | 73.5 | 21.6 |
| Сопствено возило за службени потреби | 200,984 | 500,000 | 33,108 | 16.5 | 6.6 |
| Услуги за патарина, останати услуги од патувања | 40,430 | 200,000 | 49,155 | 121.6 | 24.6 |
| **Вкупно 2** | **3,427,058** | **11,000,000** | **2,457,180** | **71.7** | **22.3** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |
| Услуги за такси превоз | 106,262 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 3** | **106,262** | **300,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно патни и транспортни трошоци** | **3,533,320** | **11,300,000** | **2,457,180** | **69.5** | **21.7** |
| **Заеднички трошоци** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 444,694 | 700,000 | 346,720 | 78.0 | 49.5 |
| Технички материјал | 147,902 | 2,100,000 | 600,975 | 406.3 | 28.6 |
| Материјал за поправка и одржување | 167,375 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 4** | **759,971** | **3,100,000** | **947,695** | **124.7** | **30.6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 254,296 | 1,800,000 | 312,504 | 122.9 | 17.4 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 54,712 | 200,000 | 63,539 | 116.1 | 31.8 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 0 | 300,000 | 23,600 | 0.0 | 7.9 |
| **Вкупно 5** | **309,008** | **2,300,000** | **399,643** | **129.3** | **17.4** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 7,436,862 | 60,000,000 | 5,112,695 | 68.7 | 8.5 |
| Трошоци за топлотна енергија | 4,421,854 | 18,000,000 | 7,212,674 | 163.1 | 40.1 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 588,026 | 3,500,000 | 717,963 | 122.1 | 20.5 |
| **Вкупно 6** | **12,446,742** | **81,500,000** | **13,043,332** | **104.8** | **16.0** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 500,003 | 4,000,000 | 755,442 | 151.1 | 18.9 |
| **Вкупно 7** | **500,003** | **4,000,000** | **755,442** | **151.1** | **18.9** |
| ***8)Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксна телефонија | 86,860 | 600,000 | 119,078 | 137.1 | 19.8 |
| Телефонски трошоци-мобилни телефонија | 469,009 | 2,000,000 | 445,910 | 95.1 | 22.3 |
| Трошоци за интернет | 84,639 | 800,000 | 129,983 | 153.6 | 16.2 |
| Поштарина | 35,453 | 300,000 | 44,548 | 125.7 | 14.8 |
| Трошоци за користење на аудио и видео линии | 3,254,720 | 12,000,000 | 3,033,012 | 93.2 | 25.3 |
| **Вкупно 8** | **3,930,681** | **15,700,000** | **3,772,531** | **96.0** | **24.0** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за обезбедување на објектите на МРТ | 1,100,271 | 4,500,000 | 1,124,406 | 102.2 | 25.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 1,142,628 | 10,000,000 | 922,430 | 80.7 | 9.2 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 207,208 | 4,000,000 | 2,561,501 | 1,236.2 | 64.0 |
| Одржување на возила | 107,867 | 2,500,000 | 176,873 | 164.0 | 7.1 |
| Одржување на алат, ситен инвентар, ГПС уреди | 14,007 | 100,000 | 8,871 | 63.3 | 8.9 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страна на МРТ | 250,174 | 1,000,000 | 250,174 | 100.0 | 25.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 923,586 | 3,700,000 | 1,108,020 | 120.0 | 29.9 |
| **Вкупно 9** | **3,745,741** | **25,800,000** | **6,152,275** | **164.2** | **23.8** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 530 | 30,000 | 150 | 28.3 | 0.5 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 29,763 | 250,000 | 116,734 | 392.2 | 46.7 |
| Трошоци за ѓубретарина | 207,601 | 950,000 | 207,993 | 100.2 | 21.9 |
| Трошоци за вода | 908,160 | 3,800,000 | 667,218 | 73.5 | 17.6 |
| **Вкупно 10** | **1,146,054** | **5,030,000** | **992,095** | **86.6** | **19.7** |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и слично | 20,400 | 0 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 775,704 | 800,000 | 324,375 | 41.8 | 40.5 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и друго | 13,849 | 300,000 | 31,026 | 224.0 | 10.3 |
| Шпедитерски услуги, царински услуги и брза пошта | 3,465 | 150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 0 | 350,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **813,418** | **1,600,000** | **355,401** | **43.7** | **22.2** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***12)Трошоци за амортизација, трошоци за резервирани средства по судски предмети и слично*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 13,250,159 | 60,000,000 | 7,671,783 | 57.9 | 12.8 |
| **Вкупно 12** | **13,250,159** | **60,000,000** | **7,671,783** | **57.9** | **12.8** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања (РДТ и други побарувања) и останато | 4,139,266 | 200,000 | 87,453 | 2.1 | 43.7 |
| **Вкупно 13** | **4,139,266** | **200,000** | **87,453** | **2.1** | **43.7** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за репрезентација | 326,576 | 800,000 | 311,448 | 95.4 | 38.9 |
| Трошоци за организирање на настани | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 14** | **326,576** | **1,900,000** | **311,448** | **95.4** | **16.4** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 31,374 | 1,500,000 | 33,726 | 107.5 | 2.2 |
| **Вкупно 15** | **31,374** | **1,500,000** | **33,726** | **107.5** | **2.2** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 0 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Банкарски услуги | 154,606 | 550,000 | 159,214 | 103.0 | 28.9 |
| **Вкупно 16** | **154,606** | **560,000** | **159,214** | **103.0** | **28.4** |
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборат за безбедност и заштита при работа | 0 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 0 | 50,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 17** | **0** | **270,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 3,461,786 | 10,000,000 | 3,147,220 | 90.9 | 31.5 |
| **Вкупно 18** | **3,461,786** | **10,000,000** | **3,147,220** | **90.9** | **31.5** |
| ***19)Даноци, судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 2,408,955 | 4,400,000 | 3,892,996 | 161.6 | 88.5 |
| Судски трошоци и административни такси | 22,313 | 200,000 | 39,410 | 176.6 | 19.7 |
| **Вкупно 19** | **2,431,268** | **4,600,000** | **3,932,406** | **161.7** | **85.5** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни, пенали, надомест на штети | 65,389 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 20** | **65,389** | **100,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***21)Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 565,152 | 2,000,000 | 26,657 | 4.7 | 1.3 |
| **Вкупно 21** | **565,152** | **2,000,000** | **26,657** | **4.7** | **1.3** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 1,458,528 | 5,500,000 | 1,600,241 | 109.7 | 29.1 |
| **Вкупно 22** | **1,458,528** | **5,500,000** | **1,600,241** | **109.7** | **29.1** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 1,941,388 | 4,000,000 | 251,684 | 13.0 | 6.3 |
| **Вкупно 23** | **1,941,388** | **4,000,000** | **251,684** | **13.0** | **6.3** |
| ***24)Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра | 150,409 | 880,000 | 161,495 | 107.4 | 18.4 |
| **Вкупно 24** | **150,409** | **880,000** | **161,495** | **107.4** | **18.4** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **51,627,519** | **230,540,000** | **43,801,741** | **84.8** | **19.0** |
| **Програмски права** | | | | | |
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 5,369,682 | 65,930,000 | 33,771,161 | 628.9 | 51.2 |
| Останати програмски права | 53,755,041 | 131,400,000 | 49,097,791 | 91.3 | 37.4 |
| Надомест за фестивали | 0 | 400,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Права за спортски настани | 38,876,751 | 109,000,000 | 7,329,592 | 18.9 | 6.7 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 0 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Копродукциски проекти | 38,831,157 | 209,500,000 | 53,167,951 | 136.9 | 25.4 |
| **Вкупно 25-програмски права** | **136,832,631** | **517,230,000** | **143,366,495** | **104.8** | **27.7** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 54,996 | 18,500,000 | 70,872 | 128.9 | 0.4 |
| **Вкупно 26** | **54,996** | **18,500,000** | **70,872** | **128.9** | **0.4** |
| ***27)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 185,666 | 400,000 | 106,354 | 57.3 | 26.6 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 15 | 1,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за вештачење | 0 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 0 | 600,000 | 118,093 | 0.0 | 19.7 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги,изработка на проекти,елаборати, стручни мислења и слично) | 0 | 300,000 | 5,742 | 0.0 | 1.9 |
| Авторски договори-авторска агенција | 5,171,886 | 32,000,000 | 5,654,776 | 109.3 | 17.7 |
| Трошоци за проект Евровизија | 2,058,580 | 1,500,000 | 666,953 | 32.4 | 44.5 |
| Трошоци за судски извршители | 0 | 200,000 | 4,934 | 0.0 | 2.5 |
| Надомест за наем на сателитски сегмент | 2,062,299 | 2,150,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **9,478,446** | **38,250,000** | **6,556,852** | **69.2** | **17.1** |

| ТРОШОЦИ | Остварување 01.10-31.12.2022 г. | Финансиски план 2023г. | Остварување 01.10-31.12.2023г. | Индекси (4/2*100) | Индекси (4/3*100) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***28)Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - (ЕБУ, ЦИРКОМ, ЕРНО) | 3,594,594 | 16,000,000 | 3,963,235 | 110.3 | 24.8 |
| Котизации и акредитации | 245,438 | 110,000 | 114,619 | 46.7 | 104.2 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 2,666,547 | 17,800,000 | 2,621,485 | 98.3 | 14.7 |
| Надомест за Агенција за филм согласно Закон за филмска дејност | 0 | 5,800,000 | 3,540,643 | 0.0 | 61.0 |
| **Вкупно 28** | **6,506,579** | **39,710,000** | **10,239,982** | **157.4** | **25.8** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 1,500 | 120,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 29** | **1,500** | **120,000** | **0** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **16,041,521** | **96,580,000** | **16,867,706** | **105.2** | **17.5** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **337,298,041** | **1,383,350,000** | **360,669,588** | **106.9** | **26.1** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Набавка на опрема и инвестиции | 3,215,613 | 104,150,000 | 66,697,240 | 2,074.2 | 64.0 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **3,215,613** | **104,150,000** | **66,697,240** | 2,074.2 | 64.0 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **340,513,654** | **1,487,500,000** | **427,366,828** | **125.5** | **28.7** |

***Состојба на жиро сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2023г.***

***Состојбата на расположливи финансиски средства во денари на жиро сметките на ЈРП МРТ на 31.12.2023 година изнесува:***

- Комерцијална банка 18.286.00 ден.
- Халк банка 15.536.00 ден.
- Стопанска банка 1.729.967.00 ден.
- Тутунска банка 706.00 ден.
- Шпаркасе банка 438,00 ден.
- Еуростандард банка 273.223,00 ден.
- Алфа банка (СИЛК Роад) 215.117.00 ден.
- Прокредит банка 13,787,00 ден.

***Вкупно на сметки :*** **1.993.837,00 ден.**

***Состојбата на девизните сметки на ЈРП МРТ на 31.12.2023 година изнесува:***

- Стопанска банка 125 УСД
- Комерцијална банка 818 ЕУР
- Прокредит банка 3.666 ЕУР

## *СОСТОЈБА НА ПОБАРУВАЊАТА НА ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА*

### *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ПОБАРУВАЊА НА ЈРП МРТ ОД КУПУВАЧИ ВО ЗЕМЈАТА И СТРАНСТВО НА 31.12.2023 ГОДИНА*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.12.2023 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| **Побарувања од купувачите во земјата** | 2,080,761,250 | 2,048,277,311 | 98.4 |
| **Побарувања од купувачите во странство** | 71,371,912 | 46,024,736 | 64.5 |
| **Вредносно усогласување на побарувањата од купувачите** | -2,082,664,130 | -2,075,054,581 | 99.6 |
| **Вкупно:** | **69,469,032** | **19,247,466** | **27.7** |

### *Побарувања од купувачите во земјата*

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.12.2023 | Индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - редовни побарувања | 2,056,640,159 | 2,023,744,427 | 98.4 |
| - побарувања за кои се поведени судски постапки за присилна наплата | 24,121,091 | 24,532,884 | 101.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,043,436,315 | -2,037,055,948 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **11,221,363** | **30.1** |

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во земјата со состојба на 31.12.2023 година изнесуваат вкупно 11.221.363 денари и истите се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.12.2023 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - ненаплатени побарувања по основ на радиодифузна такса (обврска на УЈП) | 2,019,782,756 | 2,015,310,426 | 99.8 |
| - радио и телевизиски реклами | 31,656,887 | 6,578,894 | 20.8 |
| - радио и телевизиски услуги | 7,353 | 0 | 0.0 |
| - закуп на основни средства | 139,687 | 104,178 | 74.6 |
| - побарувања од корисници на Кулата на МРТ (вода,струја,закуп и сл.) | 4,646,522 | 1,343,975 | 28.9 |
| - побарувања по основ на спогодби | 406,954 | 406,954 | 100.0 |
| - тужени побарувања (за реклами, закупнини и др.) | 24,121,091 | 24,532,884 | 101.7 |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -2,043,436,315 | -2,037,055,948 | 99.7 |
| **Вкупно:** | **37,324,935** | **11,221,363** | **30.1** |

## *Побарувања од купувачите во странство*

Вкупните ненаплатени побарувања од купувачите во странство со состојба на 31.12.2023 година изнесуваат вкупно 8.026.103 денари а се однесуваат на следните видови услуги:

| ОПИС | Состојба на 31.12.2022 | Состојба на 31.12.2023 | индекси |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4(3/2)*100 |
| - Купувачи во странство (тужени побарувања од отстапени права) | 35,590,351 | 34,343,943 | 96.5 |
| - ТВ услуги | 540,058 | 540,073 | 100.0 |
| - технички услуги | 3,020,959 | 3,021,048 | 100.0 |
| - побарувања од закупнини | 16,786 | 16,786 | 100.0 |
| - отстапени права | 31,031,648 | 7,616,562 | 24.5 |
| - фестивали во странство | 871,982 | 145,901 | 16.7 |
| - побарувања од спонзорства во странство | 300,128 | 319,163 | 106.3 |
| - останати побарувања од странство | 0 | 21,260 | #DIV/0! |
| - вредносно усогласување на побарувањата од купувачите | -39,227,815 | -37,998,633 | 96.9 |
| **Вкупно:** | **32,144,097** | **8,026,103** | **25.0** |

### *РЕКАПИТУЛАР НА ВКУПНИТЕ ОБВРСКИ НА ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА*

| ОПИС | состојба на 31.12.2022 год. | состојба на 31.12.2023 год. |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| **Краткорочни обврски** | **342,561,379** | **508,583,170** |
| Обврски кон добавувачите во земјата | 82,418,642 | 220,449,822 |
| Обврски кон добавувачите во странство | 21,678,298 | 60,420,577 |
| Краткорочни обврски за даноци (ДДВ,ДД.ПД) даноци и придонеси на плата,камати по истите | 42,312,198 | 30,603,932 |
| Обврски спрема вработените | 27,259,682 | 39,573,805 |
| Обврски за авторски договори | 7,867 | 0 |
| Краткорочни обврски МФ (доспена камата и главен долг за Лондонски и Париски клуб) | 149,163,078 | 143,163,078 |
| Останати краткорочни обврски | 819,959 | 1,450,679 |
| Краткорочни обврски за заеми (камата и главен долг АД Аеродроми) | 13,996,970 | 12,920,280 |
| Резервирања по основ на судски спорови (камата и главен долг, ММИ, УЈП) | 4,904,685 | 997 |
| **Долгорочни обврски** | **153,872,878** | **124,836,448** |
| Долгорочни обврски кон добавувачи во земјата | 5,234,667 | 2,093,883 |
| Репрограмирани обврски за ДДВ, ДД и камати по истите | 12,975,366 | 0 |
| Долгорочни кредити и заеми (АД Аеродроми) | 135,662,845 | 122,742,565 |
| **ВКУПНО ОБВРСКИ** | **496,434,257** | **633,419,618** |

Вкупните обврски на 31.12.2023 година изнесуваат 633.419.618 денари и истите, во однос на состојбата на 31.12.2022 година бележат зголемување и тоа како резултат на склучените договори со комитенти од земјата и странство за откуп на програма и за инвестиции во нова опрема и реконструкции во објектите.

## *СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА*

Состојбата на вработените во ЈРП МРТ на 31.12.2023 год. изнесува вкупно 661 лице, што е помалку за 1 лице или за 0.2% во однос на состојбата на 30.09.2023 година.

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА ПО КВАЛИФИКАЦИИ

| состојба на | Д-р | М-р | ВСС | ВС | ССС | КВ | НСС | ВКУПНО | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2023 | 1 | 42 | 321 | 5 | 280 | 12 | 1 | 662 | |
| 31.12.2023 | 1 | 42 | 314 | 5 | 287 | 11 | 1 | 661 | -1 |
| структура 31.12.2023г.(%) | 0.2 | 6.4 | 47.5 | 0.8 | 43.4 | 1.7 | 0.2 | 100.0 | -0.2 |

СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈРП МРТ НА 31.12.2023 ГОДИНА ПО НАЦИОНАЛНОСТ

| состојба на | македонци | албанци | турци | срби | власи | роми | бошњаци | црногорци | останато | вкупно | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30.09.2023 | 446 | 152 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 662 | |
| 31.12.2023 | 445 | 152 | 25 | 19 | 6 | 7 | 4 | 2 | 1 | 661 | -1 |
| структура 31.12.2023г.(%) | 67.3 | 23.0 | 3.8 | 2.9 | 0.9 | 1.1 | 0.6 | 0.3 | 0.2 | 100.0 | -0.2 |

Во текот на четвртото тримесечје од 2023 година во ЈРП МРТ нововработени се 7 лица, сите со ССС и на следните работни места: 2 лица - новинар 3, 2 лица - пожарникари во Логистика, 1 продуцент 2, 1 техничар во Логистика и 1 оператор на графички систем 2 во ТВ продукција.

Во истиот период вкупно 10 лица го прекинале договорот за вработување со МРТ и тоа: 7 лица по основ на стекнување на правото на пензионирање, од кои 2 лица новинар 1 со ВСС, 1 новинар 2 со ССС, 2 новинари - дописници со ССС и 2 лица миксер 2 со ССС. Двајца вработени со ВСС и тоа: 1 новинар 3 и 1 раководтел на одделение се заминати од МРТ со спогодбено раскинување на Договорот за вработување, додека пак едно лице - раководител на одделение со ВСС е починато.

По користење на неплатено отсуство, едно лице е вратено на работа.

Скопје, Март 2024 година

Директор на ЈРП МРТ

Марјан Цветковски